**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 04-584/13
18-06-2020
Скопје

Врз основа на чл. 110 став 1 точка 8 и чл. 175 став 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 година), Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 47. редовна седница одржана на 17.6.2020 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА

1. **Д-Р МИРА БЕЌАР се избра** во звањето **вонреден професор** во наставно-научните области **англистика (Современ англиски јазик), применета лингвистика (Вовед во применета лингвистика) и компаративна лингвистика (Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик).**

2. Именуван/-иот/-ата заснива работен однос на определено работно време до 16.6.2025 година.

3. Во стекнатото звање именуван/-иот/-ата се здобил-а од денот на донесувањето на оваа Одлука, а платата ќе се определи со посебно решение во согласност со Правилникот за плати.

## Образложение

На објавениот конкурс за избор на **вонреден професор** во наставно-научните области **англистика (Современ англиски јазик), применета лингвистика (Вовед во применета лингвистика) и компаративна лингвистика (Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик)** објавен во дневните весниците „Нова Македонија" и „Коха", се пријави кандидатот **д-р Мира Беќар.**

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 1216.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 17.6.2020 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

**1. д-р Елени Бужаровска, редовен професор**
**2. д-р Наташа Стојановска-Илиевска, вонреден професор**
**3. д-р Билјана Наумоска-Саракинска, вонреден професор**

со мнозинство гласови го-ја избра **д-р Мира Беќар** во звањето **вонреден професор**.

Согласно чл. 175 став 1 од Законот за високото образование избраниот наставник заснива работен однос за времето на кое е избран.

Одлуката да се достави до именуван/-иот/-ата, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни, општи работи и човечки ресурси и Архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

Проф. д-р Анета Дучевска

Изработил:ГК
Одобрил:МШ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

извор
вонреден проф
д-р Мира
Бежар

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Број 1216**

Скопје, 1 јуни 2020 година

Фармацевтскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Александра Капедановска Несторовска, доц. д-р Зорица Наумовска**)........................................................305-354

5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области фармацевтска ботаника и фармакогнозија на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Марија Карапанцова**)................................................................355-383
6. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научните области храна и исхрана и фармацевтска токсикологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Тања Петреска Ивановска**)..................................................384-403

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) семејно право (50819), социјално право (50821), управно право (50802), човекови права и слободи (50818), системи на социјална заштита (51204) и трудово право (50805) на Филозофскиот факултет во Скопје (**проф. д-р Наташа Богоевска**)......................................................................................................404-423
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: теорија на социјална работа (51201), методики на социјална работа (поединец, група, локална заедница (51205), социјален развој (51202), системи на социјална заштита (51204) и социјална политика (51200) на Филозофскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Светлана Трбојевиќ**).................................................................424-443
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Деспина Миладиновска**)......................................................................................................444
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Сања** Ангеловска, м-р Калтрина Салиху)..........................................................................445

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на редовен професор во наставно-научните области: германистика, методика на јазик, преведување (**Теорија на преведувањето и на толкувањето**) и учење странски јазици на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**вонр. проф. д-р Емина Авдиќ**)..........................................................................................446-479
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) англистика (**Современ англиски јазик**), применета лингвистика (**Вовед во применета лингвистика**) и компаративна лингвистика (**Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик**), на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**д-р Мира Беќар**)...............................................................480-499
3. Реферат за избор на вонреден професор во наставно-научните области: преведување, англистика и компаративна лингвистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**д-р Милена Саздовска Пигуловска**).............................................500-520
4. Реферат за избор на двајца лектори по англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**м-р Ивана Дуцкиноска, м-р Маја Јошевска-Петрушевска, м-р Илина Стојановска-Кацхинске, Јане Божиновски**)............521-547

**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хортикултура (41007), друго (41008), ботаника (10202) и екологија (10205) на Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје (**доц. д-р Бојан Симовски**)..................................................................548-562

*Прилог бр. 2*

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) АНГЛИСТИКА (СОВРЕМЕН АНГЛИСКИ ЈАЗИК), ПРИМЕНЕТА ЛИНГВИСТИКА (ВОВЕД ВО ПРИМЕНЕТА ЛИНГВИСТИКА) И КОМПАРАТИВНА ЛИНГВИСТИКА (КОНТРАСТИВНА АНАЛИЗА НА АНГЛИСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК), НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 17.4.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните област (дисциплина): англистика (предмет: Современ англиски јазик), применета лингвистика (предмет: Вовед во применета лингвистика) и компаративна лингвистика (предмет: Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. ----------- од 20.5.2020 година, донесена на 45. редовна седница одржана на 20.5.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Елени Бужаровска, редовен професор на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, д-р Наташа Стојановска- Илиевска, вонреден професор на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје и д-р Билјана Наумоска Саракинска, вонреден професор на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): англистика (предмет: Современ англиски јазик), применета лингвистика (предмет: Вовед во применета лингвистика) и компаративна лингвистика (Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик), во предвидениот рок се пријави д-р Мира Бекар.

### 19. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Мира Бекар е родена на 27.9.1975, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во средното училиште „Раде Јовчевски-Корчагин“ во 1994 година. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, од 1996 до 2001. Дипломирала на 3.5.2001 година, со просечен успех 8,91.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, но има познавања и од германскиот јазик.

Во учебната 2003/2004 год., д-р Мира Бекар се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Катедрата за англиски јазик и книжевност. Студиите ги завршила во 2007 година, со просечен успех 10,00. Во учебната 2006/2007 година престојувала во САД, на Универзитетот Пердју во Индијана како Фулбрајтов стипендист. За време на студискиот престој посетувала настава и собирала податоци за истражување од областа на анализа на дискурсот. На 10.1.2008 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Анализа на пишаниот дискурс кај говорителите на англискиот јазик како мајчин и немајчин,* под менторство на проф. д-р Елени Бужаровска.

Докторската дисертација ја одбранила на 10.4.2015 година, на Универзитетот Пердју (Purdue University), во Индијана, САД. Дисертацијата на тема: *Language, Writing, and Social (Inter)action: An Analysis of Text-Based Chats in Macedonian and English* ја одбрани пред Комисија во состав: Tony Silva (Тони Силва), редовен професор, April J. Ginther (Април Гинтер), редовен

професор, Анета Дучевска, редовен професор и Margie S. Berns (Марџи Бернс), редовен професор. Докторската дисертација е под менторство на проф. д-р Dwight Atkinson (Двајт Еткинсон). Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки по англиски јазик.

На 4.11.2015 година, со Одлука бр. 04-1282/7 е избрана во звањето доцент по Современ англиски јазик и Применета лингвистика на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Во моментот е доцент на истата катедра. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1109, од 15.10.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1109, од 15.10.2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 20. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, од последниот избор во звањето доцент до 2020 година. кандидатката д-р Мира Беќар изведувала настава. во текот на досегашниот работен стаж од 16 години на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и три години на Универзитетот Перџу во САД, по предметите *Современ англиски јазик 3, 4, 5 и 6, Академско пишување, Вовед во применета лингвистика, Контрастивна анализа* во прва, втора и трета година на Катедрата за англиски јазик и книжевност, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", *Freshmen composition* на Универзитетот Перџу (Purdue University), САД, како и настава по предмет од вториот циклус студии, *Критичка анализа на пишан и говорен дискурс*.

Кандидатката била ментор на 6 дипломски труда и е ментор на 1 магистерски труд.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 35 дипломски труда и 3 докторски труда.

Д-р Мира Беќар е особено активна во организирање и учество во работилници поврзани со академско пишување и анализа на дискурс (18 работилници во земјата и во странство).

На покана на универзитети во земјата и во странство, д-р Мира Беќар одржала предавања на Универзитетот EAN, Богота, Колумбија, на Универзитетот во Загреб, Хрватска, и Washington State University, САД.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

### Научноистражувачка дејност

Д-р Мира Беќар има објавено вкупно 10 научни трудови од областа англистика и применета лингвистика, од кои 4 труда со оригинални научни резултати, објавени како монографии или дел од монографии во странство, во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, 2 труда со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, потоа 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во странска енциклопедија во ОЕЦД земја (САД), 2 труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор и 1 труд објавен во зборник на високообразовна институција:

**Следниве трудови се објавени во странски изданија:**

1. Bekar, M. (2015). *Language, writing, and social (inter)action: An analysis of text-based chats in Macedonian and English* (Doctoral dissertation).Purdue University. Ann Arbor: ProQuest/UMI, 2015. Retrieved from ProQuest Dissertations and Theses. (Publication No. AAT 3719022), (докторска дисертација во ProQuest);

2. Bekar, M. & Fay. R. (in press). Developing Anglo-centred Academic Literacy: Problematizing Understandings of Criticality. In A. Simpson and F. Dervin (Eds.) *The Meaning of Criticality in Education Research: Reflecting on Critical Pedagogy*. London: Palgrave Macmillan;
3. Bekar, M. & Christiansen, M. S. (2018). Computer-mediated communication. In Liontas, J. I. (Ed.). (2018). *The TESOL Encyclopedia of English Language Teaching*. Hoboken, NJ : Wiley Blackwell (енциклопедиско издание кое ја добива наградата 2019 PROSE Award Subject Category Winner - Multivolume Reference/Humanities, Honorable Mention for RUSA's 2019 Dartmouth Medal.
4. Bekar, M. (2018). Assessing English Linguistic Knowledge and Writing Skills in Secondary Schools through State Matura Exam: The Case of Macedonia - Vignette. In T, Ruecker & D. Crusan (Eds.) *The Politics of English Second Language Writing Assessment in Global Contexts*. New York and London: Routledge.
5. Kruse, O., Chitez, M., Bekar, M., Doroholschi, C., & Yakhontova T. (2018). Studying and Developing Local Writing Cultures: An Institutional Partnership Project Supporting Transition in Eastern Europe's Higher Education. In M. Chitez, C. I. Doroholschi, O. Kruse, L. Salski, and D. Tucan (Eds.) *University Writing in Central and Eastern Europe: Tradition, Transition, and Innovation*. Springer International Publishing,
6. Bekar, M. (2015). Space, Language and Power: The Rhetoric of Street Protests. *Социолошки преглед*, vol. XLIX (2015), no. 3, pp. 337–348.

**Следуваат трудовите во национални изданија (списанија и зборници):**

7. Bekar, M. (2019). How fake news affects academic literacy: A case of a small country enhancing US elections / Како лажните вести влијаат врз академската писменост: Случајот на мала држава што ги зацврсти резултатите од изборите во САД. *Context* 20, pp. 73-85,
8. Bekar, M. & Takovski, A. (online edition 2020). "While the Ball is in the Air": Metaphors and Humor in the 2018 World Cup Commentaries. Proceedings of the ESIDRP International Conference 2019: English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice (ESIDRP). Skopje: Ss Cyril and Methodius University.
9. Bekar, M. (2017). *Alignment in Online Text-Based Chats: Cross-Cultural Case Study ResearchESIDRP Proceedings*. Proceedings of the ESIDRP International Conference 2016: English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice (ESIDRP). Skopje: Ss Cyril and Methodius University.
10. Бекар, М. (2016). Улогата и влијанието на интерперсоналните медиуми врз општествените активности и друштвените односи. [The role and impact of interpersonal media on social activities and relations]. Годишен зборник на трудови на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, 41-42 [*Annual collected works at the Faculty of Philology 41-42*], (2016), Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Во периодот од 2015 до 2020 год., д-р Бекар учествувала на симпозиуми и конференции (вкупно 18) во земјата и во странство (Португалија, Франција, Колумбија, Тајланд, САД, Норвешка, Србија, Хрватска), од кои позначајни се: Symposium on Second Language Writing (SSLW), Writing Across Borders (WRAB), Ethnographies of academic writing: research and pedagogy, Criticality in Education. На некои од конференциите била поканета како панелист.

Од 2015 до 2020 година, д-р Мира Бекар учествувала во два меѓународни проекта: 1. COST Action 1401 – Strengthening European Literacy Network (2015-2019), каде е член на раководниот тим и 2. Со членови од Катедрата за англиски јазик, во проектот ICLE (International Corpus of Learner English), организиран од Католичкиот универзитет во Лувен (Université catholique de

Louvain), Белгија, 2016. Во периодот 2019 – 2020, во соработка со колешки од Катедрата за англиски јазик и книжевност, учествува во проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје, насловен „Равивање на јазичните компетенции на идните наставници по странски јазик со имплементирање на ЗЕРРЈ (Заедничка европска референтна рамка на јазици).

Кандидатката е ментор на 1 магистерски труд.

**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

<u>**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**</u>

Д-р Мира Беќар активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Катедрата за англиски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Д-р Мира Беќар ја превела драмата *Систем ЕРОР* на Маја Стевановиќ (во соработка со Благоја Бошковски), за потребите на Младинскиот отворен театар (МОТ), и ги менторирала студентите при преведување на изданија на „Арс либрис“. Во однос на дејностите од поширок интерес, д-р Мира Беќар учествувала во повеќе активности во РС Македонија: предавања во јавни установи како што е Американското катче, Ромаверзитас и ЛГБТ-центарот. Таа лекторирала и превела над 80 апстракти на англиски јазик за потребите и изданијата на Филозофскиот факултет во Скопје, Филозофското друштво на Македонија и Институтот за македонска литература.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Како позначајна активност го издвојуваме нејзиното членство во Редакцискиот одбор на меѓународното научно списание *Современа филологија (Journal of Contemporary Philology)* и *SILK (Studies in Linguistics, Culture, and FLT)*, како и во Зборникот на трудови од меѓународната конференција English Studies at the Interface of Disciplines – ESIDRP 2019.

Била член на организациониот одбор на меѓународен научен/стручен собир на Универзитетот во Порто, 1st Literacy Summit at the University of Porto, Португалија (1 – 3 ноември 2018).

Што се однесува до изготвување национални и научни проекти, таа учествувала во предлог-проектите *COST Action Proposal OC-2019-1-24240 "Expanding research on non-literate migrant adults' linguistic competence in a new language"*, и *COST Action Proposal OC-2017-1-21909 "Professional Writing and Employability: Creating the Writing-at-Work Network"*.

Активно е вклучена во работата на стручни комисии при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Била член на Иницијативното тело кое беше задолжено да направи анализа на постојните студиски програми на втор циклус универзитетски студии (2017), на Изборната комисија за студентски избори на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (декември 2019) и Комисијата за изготвување Статут на Филолошкиот факултат „Блаже Конески“ во Скопје (2019), како и во Комисија за попис на библиотечен фонд.

Кандидатката била член на 2 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Исто така е и ЕКТС-координатор на студентите од 4. година од Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Важно е да се истакне дека таа е дел од Иницијативниот одбор за организирање на конференцијата ЕСИДРП (2016 и 2019) на Катедрата за англсики јазик и книжевност. Оваа конференција полека ќе преминува во традиција.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Мира Беќар.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Мира Беќар поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: англистика (предмет: Современ англиски јазик), применета лингвистика (предмет: Вовед во применета лингвистика) и компаративна лингвистика (предмет: Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик)

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Мира Беќар да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: англистика (предмет: Современ англиски јазик), применета лингвистика (предмет: Вовед во применета лингвистика) и компаративна лингвистика (Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик)

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Елени Бужаровска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Стојановска-Илиевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Наумоска-Саракинска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Мира Круме Беќар**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научни области: англистика** (предмет: Современ англиски јазик)**, применета лингвистика** (предмет: Вовед во применета лингвистика) и **компаративна лингвистика** (Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик).

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,91<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научните области: англистика (предмет: Современ англиски јазик), применета лингвистика (предмет: Вовед во применета лингвистика) и компаративна лингвистика (Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик), поле: наука за јазикот, подрачје: хуманистички науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија:__________<br>15. Наслов на трудот: ____________<br>16. Година на објава: ____________ | / |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: ***Context/Контекст 20*** | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 5 членови Холандија (1), Словенија (1), Хрватска (1), Словачка (1), Македонија (1)<br>3. Наслов на трудот: How fake news affects academic literacy: A case of a small country enhancing US elections / Како лажните вести влијаат врз академската писменост: Случајот на мала држава што ги зацврсти резултатите од изборите во САД.<br>4. Година на објава: 2019<br><br>1.Назив на научното списание: ***Socioloshki Pregled*, vol. XLIX (2015), no. 3, pp. 337–348.**<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): (27 членови – Србија (7), САД (3), Велика Британија (1), Италија (2), Русија (2), Бразил (1), Кина (1), Полска (1), Македонија (1), Словенија (1), Бугарија (2), БиХ (1), Шпанија (1), Германија (1), Романија (1),<br>3. Наслов на трудот: Space, Language and Power: The Rhetoric of Street Protests.<br>4. Година на објава: 2015 | |
| | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: _________<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: ____________<br>4. Година на објава: _____________ | / |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>Монографија и дел од монографија објавена во странство<br><br>1.Наслов на монографијата: *The Meaning of Criticality in Education Research: Reflecting on Critical Pedagogy* by A. Simpson and F. Dervin (Eds.)<br>2.Наслов на поглавјето: Developing Anglo-centred Academic Literacy: Problematizing Understandings of Criticality (коавтор R. Fay)<br>3. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Велика Британија<br>4. Издавач, година и место на издавање/објавување: London: Palgrave Macmillan, (expected spring 2020)<br><br>1.Наслов на монографијата: *The Politics of English Second Language Writing Assessment in Global Contexts* by T. Ruecker & D. Crusan (Eds.)<br>2.Наслов на поглавјето: Assessing English Linguistic Knowledge and Writing Skills in Secondary Schools Through State Matura Exam: The Case of Macedonia – Vignette<br>3. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: САД и Велика Британија<br>4. Издавач, година и место на издавање/објавување: New York | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
